Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Број 63, 1 јули 2011 година

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

јули 2011 година
Штип

## СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле психијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област кинезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област физиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле клинички медицински науки, интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент за научната област германистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно - научната уметничка област кларинет на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област традиционални инструменти на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 66

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент во научната област меѓународно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник асистент за научната област право на Европска унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 73

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област педагогија и образование на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 80

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната уметничка област виолончело на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 86

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 91

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Граматика на германскиот јазик – морфологија” од авторите доц. д-р Билјана Ивановска и доц д-р Нина Даскаловска од Филолошки факултет при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ........ 97

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудовите „Скрипта за вежби по предметот Социологија на правото“ и „Практикум за вежби по предметот Социологија на правото“ од д-р Страшко Стојановски при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 98

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за интерна скрипта по предметот Заштита на животната средина од енергетски постројки од авторите д-р Златко В. Совревски од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев”- Штип и д-р Антон Чаушевски од феит при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје ........ 101

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по предметот Бањски туризам“ од доц. д-р Нако Ташков и м-р Дејан Методијески ........ 103

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНОТО ПОЛЕ СТОМАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип на својата 42. Седница, одржана на 16 февруари 2011 година, донесе Одлука бр. 2502-31/33 за распишување на Конкурс за ***помлад асистент / асистент*** за научното поле ***стоматологија*** на Факултетот за медицински науки. На 15 април 2011 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 2502-53/10 и Решение бр. 2502-53/17 за претседател, бр. 2502-53/18 за член и бр. 2502-53/19 за член за формирање на Рецензентска комисија за помлад асистент / асистент за научното поле *стоматологија* на Факултетот за медицински науки во следниов состав:

1. д-р Цена Димова, доцент, подрачје стоматологија, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
2. д-р Стипица Поповски, доцент, подрачје стоматологија, вработен на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
3. д-р Никола Камчев, вонреден професор, подрачје медицина, вработен на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 4 април 2011 година.

Врз основа на пријавата и доставенета документација, како и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го доставува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 4 април 2011 година се пријавија петнаесет кандидати и тоа:

1. **д-р Ана Радеска**, демонстратор (волонтер) на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
2. **д-р Јулија Заркова**, демонстратор (волонтер) на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
3. **д-р Катерина Златановска**, вработена во ПЗУ Поликлиника „Карпош" во Куманово;
4. **д-р Маја Георгиева**, вработена во ПЗУ „Маја-Дент" во Пробиштип;
5. **д-р Татијана Танева**, невработена, на специјализација по стоматолошка протетика;
6. **д-р Игор Илиев**, невработен;
7. **д-р Каровска Александра**, невработена, на приправничкиот стаж ЈЗУ Универзитетски стоматолошки центар „Свети Пантелејмон" – Скопје;
8. **д-р Сања Нашкова**, невработена;
9. **д-р Благој Лазов**, невработен;
10. **д-р Катерина Смилевска**, невработена, волонтер на Клиника на болести на устата и пародонтот, ЈЗУ Универзитетски стоматолошки центар „Свети Пантелејмон" – Скопје;
11. **д-р Ѓорѓи Ников**, вработен во ПЗУ „Примариус д-р Благој Ников" во Штип;
12. **д-р Михајло Петровски**, невработен;
13. **д-р Бранко Атанасовски**, вработен во ПЗУ „Ортодент - М" – Кавадарци;
14. **д-р Емилија Иванова**, специјалист ортодонт, вработена во ПЗУ „Дентиција" во Штип;
15. **д-р Горан Зафиров**, невработен.

***Биографски податоци, научно-наставна и научно-стручна дејност за д-р Ана Радеска***

Кандидатката **д-р Ана Радеска** е родена на 17 февруари 1982 година во Битола. Основно и гимназиско образование завршува во Битола. Дипломира на 17 февруари 2007 година на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со средна оценка 8,28 и се стекнува со стручен назив **дипломиран доктор на стоматологија.**

Од 2011 година ја започнува специјализацијата по специјалноста ортодонција на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Во учебната 2009/2010 година, поточно од почетокот на наставниот процес на Студиската програма по стоматологија и Високата здравствена школа за забен техничар - протетичар на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, д-р Ана Радеска партиципира како демонстратор (волонтер) во практичниот дел од наставниот процес на Факулетот.

Д-р Ана Радеска, како млад стоматолог, поседува висок степен на теоретска, практична и стручна подготвеност. Нејзиниот изграден исклучителен педагошки приод при презентирањето на наставните содржини на вежбите по стручните претклинички стоматолошки предмети е посебно значаен, бидејќи на едноставен, јасен и разбирлив начин ги презентира методските единици од програмата на стручните предмети, како на студентите на стоматологија, така и на студентите на Високата здравствена школа – стручни студии за забен техничар - протетичар.

Активно се служи со англискиот јазик и пасивно се служи со италијанскиот јазик.

Познавање на неколку компјутерски програмски пакети (Office – Word, Excel, Power Point) и овозможува успешност во подготовките на методски содржини од практичната настава.

По дипломирањето и по завршувањето на задолжителниот стручен стаж, д-р Ана Радеска во 2007 година го положува стручниот испит.

Д-р Ана Радеска има активно учество на XII и XIII Меѓународен научен конгрес на студенти по стоматологија, во 2005 год. и 2006 год., со следниве теми:

1. Теохарева Б, **Радеска А**. Болката во корелација со тераписките опции кај алвеолит. XII Меѓународен научен конгрес на студенти по стоматологија (апстракт), Охрид, 2006:32.
2. **Радеска А**. Евалуација на pH вредноста на плунка кај пациенти со орана кандидијаза пред и по терапија. XIII Меѓународен научен конгрес на студенти по стоматологија (апстракт), Охрид, 2006:47.

Д-р Ана Радеска присуствува на следниве собири за кои во документацијата ги приложила следниве сертификати:

1. Интернационален конгрес со меѓународно учество „Стоматологијата денес", Струга, 2010 г.;
2. IV Меѓународен стоматолошки симпозиум, Битола, 2010 г.;
3. Пролетен симпозиум на ортодонти на РМ „Фацијални асиметрии – ортодонтско хируршки аспект", Скопје, 2010 г.;
4. Семинар „21 век - нови предизвици за стоматолшката пракса" и трибина „Место и улога на стоматологијата во Македонија во 21 век", Скопје, 2010 г.;
5. „Современи докрини во секојдневната стоматолошка пракса" – Симпозиум за континуирано образование на Стоматолошкиот факултет, Битола, 2011 г.;
6. Пролетен симпозиум на ортодонти на РМ „Детекција, превенција и третман на импактирани заби", Скопје, 2011 г.

***Биографски податоци, научно-наставна и научно-стручна дејност за д-р Јулија Заркова***

Кандидатката **д-р Јулија Заркова** е родена на 27 април 1985 година во Штип. Основно и средно заботехничко образование завршува во Штип. Дипломира на 10 октомври 2008 година на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во

Скопје, со средна оценка 8,62 и се стекнува со стручен назив **дипломиран доктор на стоматологија.**

Во учебната 2009/2010 година, поточно од почетокот на наставниот процес на Студиската програма по стоматологија и Високата здравствена школа за забен техничар протетичар на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, д-р Јулија Заркова партиципира како демонстратор (волонтер) во практичниот дел од наставниот процес на Факулетот.

Д-р Јулија Заркова, како млад стоматолог, поседува висок степен на теоретска, практична и стручна подготвеност. Нејзиниот изграден исклучителен педагошки приод при презентирањето на наставните содржини на вежбите по стручните претклинички стоматолошки предмети е посебно значаен, бидејќи на едноставен, јасен и разбирлив начин ги презентира методските единици од програмата на стручните предмети, како на студентите на стоматологија, така и на студентите на Високата здравствена школа – стручни студии за забен техничар - протетичар.

Активно се служи со англискиот јазик, а пасивно се служи со словенечкиот јазик.

Познавање на неколку компјутерски програмски пакети (Office – Word, Excel, Power Point) и овозможува успешност во подготовките на методски содржини на практичната настава.

Во јули 2008 година, д-р Јулија Заркова како студент има активно учество во Програмата за размена на студенти на Меѓународната асоцијација на студенти по стоматологија (International Association of Dental Students), при што реализира престој на Стоматолошкиот факултет при Yeditepe University во Истанбул, Турција.

По дипломирањето и по завршениот стручен стаж, д-р Јулија Заркова во ноември 2009 година го положува стручниот испит.

Д-р Јулија Заркова има активно учество на XV Меѓународен научен конгрес на студенти по стоматологија во 2008 г., во Охрид.

Д-р Јулија Заркова присуствува на следниве собири за кои во документацијата ги приложува следниве сертификати:

1. Семинар „Актуелни технологии и биоматеријали", март 2010 г., Скопје;
2. Пролетен симпозиум на ортодонти на РМ „Фацијални асиметрии – ортодонтско хируршки аспект", Скопје, 2010 г.;
3. „Современи докрини во секојдневната стоматолошка пракса" – Симпозиум за континуирано образование на Стоматолошкиот факултет, Битола, 2011 г.;
4. Пролетен симпозиум на ортодонти на РМ „Детекција, превенција и третман на импактирани заби", Скопје, 2011 г.

***Биографски податоци за д-р Катерина Златановска***

Кандидатката **д-р Катерина Златановска** е родена на 27 декември 1980 година во Куманово. Основно и средно гимназиско образование завршува во Куманово. Дипломира на 10 мај 2006 година на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со средна оценка 9.29 и се стекнува со **стручен назив дипломиран доктор на стоматологија.**

Активно се служи со англискиот јазик. Д-р Катерина Златановска има познавање на неколку компјутерски програмски пакети (Office – Word, Excel, Power Point). Во биографијата наведува дека од 2011 година ја започнува специјализацијата по специјалноста орална хирургија, но во документацијата нема приложено решение за започнување на истата. Д-р Катерина Златановска има активно учество X и XI Меѓународен научен конгрес на студенти по стоматологија, со учество на две студентски теми. Приложена е кратката содржина на темата со наслов „*Торус мандибуларис – морфологија, преваленција и протетски аспекти*", презентирана на X Меѓународен научен конгрес на студенти по стоматологија во Охрид. На XI Меѓународен научен конгрес на студенти по стоматологија учествува со темата „Компаративна анализа на клиничките ефекти на Hasko-Sept и Alpa-Dent во третманот на гингивалната инфламација".

Има четиригодишно работно искуство во ПЗУ Поликлиника „Карпош" во Куманово.

***Биографски податоци за д-р Маја Георгиева***

Кандидатката **д-р Маја Ѓоргиева** е родена на 24 мај 1978 година во Штип. Дипломира на 7 март 2003 година на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со средна оценка 9.20 и се стекнува со стручен назив **дипломиран доктор на стоматологија.**

Активно се служи со англискиот јазик.

Д-р Маја Ѓоргиева има познавање на неколку компјутерски програмски пакети (Office – Word, Excel, Power Point).

Од 1 декември 2006 година ја започнува специјализацијата по специјалноста примарна здравствена заштита на Стоматолошкиот факултет во Скопје и сè уште не ја има финализирано.

Во летниот семестар 2009/2010 година д-р Маја Ѓоргиева беше демонстратор на Факултетот за медицински науки, при што реализира практична настава по предметот Анатомија 2 (3 часа седмично – една група) и Мобилна протетика – тотална протеза 1(3 часа седмично – една група).

Д-р Маја Ѓоргиева во моментов е вработена во ПЗУ „Маја -Дент" во Пробиштип.
Кандидатката нема приложено документација за учество на научно-стручни собири и симпозиуми од областа на стоматологијата.

***Биографски податоци и научно-стручна дејност за д-р Татијана Танева***

Кандидатката **д-р Татијана Танева** е родена на 1 јули 1975 година во Штип. Основно и средно медицинско образование завршува во Штип. Дипломира на 29 јуни 2000 година на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со што се стекнува со стручен назив **дипломиран доктор на стоматологија**.

Во периодот од 2001 до 2002 година ја продолжува својата стручна доедукација во приватна стоматолошка ординација во Фракфурт, Германија. Од 2003 до 2007 година работи како стоматолог во ПЗУ „Д-р Танев" - Штип, а од 2008 до 2010 година работи во КПД - Штип.

Активно се служи со англискиот јазик.

Д-р Татијана Танева има познавање на неколку компјутерски програмски пакети (Office – Word, Excel, Power Point).

По дипломирањето и по завршувањето на стручниот стаж, д-р Татијана Танева во декември 2002 година го положува стручниот испит.

Од 1 јули 2010 година ја започнува специјализацијата по специјалноста стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Д-р Татијана Танева присуствува на следниве собири за кои во документацијата ги приложува следниве сертификати:

1. Четврти конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006;
2. ДААД симпозиум, Дентална имплантологија, Скопје, 2006;
3. XI Конгрес на Балканското здружение на стоматолози, БАСС, Сараево, 2006;
4. Семинар: Примена на ласерот во стоматологија, Скопје, 2006;
5. Симпозиум: Клинички аспекти за аплицирање на локалната анестезија во стоматолошката пракса, Скопје, 2007;
6. VI Меѓународен стоматолошки симпозиум, ЗПДСМ, Скопје, 2007;
7. Семинар: За хроничната орофацијална болка, Скопје, 2007;
8. VII Меѓународен стоматолошки симпозиум, ЗПДСМ, Скопје, 2008;
9. Семинар „Алергии во стоматологијата", Скопје, 2008;
10. Стручен состанок на Здружението на специјалисти по стоматолошка протетика, Неготино, 2008;
11. Симпозиум „Актуелности во протетиката", Скопје, 2009;
12. V Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2009;
13. Симпозиум „Ургентни состојби во стоматологијата", Куманово, 2009;
14. Симпозиум „Нови технологии од пракса за пракса", Скопје, 2010;
15. Симпозиум „Актуелни технологии и биоматеријали", март 2010, Скопје;

16. Семинар „Местото и улогата на стоматологијата во Македонија“, Скопје, 2010;
17. Симпозиум „Современи доктрини во секојдневната стоматолошка пракса”, Струмица, Битола, 2011.

Кандидатката нема приложено уверение за положени испити.

***Биографски податоци за д-р Игор Илиев***

Кандидатот **д-р Игор Илиев** е роден на 9 декември 1983 година во Штип. Основно и средно заботехничко образование завршува во Штип. Дипломира на 29 април 2009 година на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, со средна оценка 8.23 и се стекнува со стручен назив **дипломиран доктор на стоматологија.**

Активно се служи со англискиот јазик.

Д-р Игор Илиев има познавање на неколку компјутерски програмски пакети (Office – Word, Excel, Power Point).

Д-р Игор Илиев е невработен, во биографијата посочува дека е студент на втор циклус студии на Стоматолошки факултет во Скопје, но во доставената документација нема приложено потврда за тоа.

Исто така, д-р Игор Илиев нема приложено документација за учество на научно-стручни собири и симпозиуми од областа на стоматологијата.

***Биографски податоци за д-р Александра Каровска***

Кандидатката **д-р Александра Каровска** е родена на 7 март 1987 година во Скопје. Основно и средно заботехничко образование завршува во Скопје. Дипломира на 31 август 2010 година на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, со средна оценка 9.20 (и 303 кредити) и се стекнува со стручен назив **дипломиран доктор на стоматологија**.

Д-р Александра Каровска нема доставено диплома за завршен Стоматолошки факултет, односно во документацијата има приложено уверение за положени испити од прв циклус.

Активно се служи со англискиот и албанскиот јазик.

Д-р Александра Каровска има активно учество XVI Меѓународен научен конгрес на студенти по стоматологија во 2009 година, каде учествува со тема „Постектракционо крвавење” за која добила сертификат за освоено трето место. Кратката содржина на трудот не е приложен во документацијата.

Исто така, д-р Александра Каровска нема приложено документација за учество на други научно-стручни собири и симпозиуми од областа на стоматологијата.

Д-р Александра Каровска во моментов е на приправнички стаж во ЈЗУ Универзитетски стоматолошки центар „Свети Пантелејмон” – Скопје.

Кандидати кои ја **немаат доставено потебната документација** се следниве:

1. д-р Сања Нашкова, невработена, студент на втор циклус на студии на Стоматолошки факултет во Скопје (нема доставено уверение за познавање на јазик и потврда за државјанство);
2. д-р Благој Лазов, невработен, студент на втор циклус на студии на Стоматолошки факултет во Скопје (нема доставено потврда за државјанство);
3. д-р Михајло Петровски, невработен (нема доставено потврда за државјанство и нема доставено диплома за завршен факултет);
4. д-р Бранко Атанасов, вработен во ПЗУ „Ортодент - М” - Кавадарци (нема доставено потврда за познавање на јазик) и
5. д-р Емилија Иванова, специјалист ортодонт, вработена во ПЗУ „Дентиција” во Штип (нема доставено потврда за државјанство и потврда за познавање на јазик).

Кандидати кои имаат среден просек на положени испити **понизок од 8,00** се следниве:

1. д-р Сања Нашкова, невработена, студент на втор циклус на студии на Стоматолошки факултет во Скопје (7,82);
2. д-р Катерина Смилевска, волонтер на Клиника на болести на устата и пародонтот, ЈЗУ Универзитетски стоматолошки центар „Свети Пантелејмон” - Скопје (7.81);
3. д-р Ѓорѓи Ников, вработен во ПЗУ „Примариус д-р Благој Ников” во Штип (7,02);
4. д-р Горан Зафиров, невработен (7,17).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, Комисијата го констатира следново: **д-р Ана Радеска**, **д-р Јулија Заркова**, **д-р Катерина Златановска**, **д-р Маја Георгиева**, **д-р Игор Илиев** и **д-р Каровска Александра** ги исполнуваат општите условите за соработничко звање помлад асистент.

Според Правилникот за единствени критериуми за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, чл. 16 од Правилникот, став 2, алинеја 3, како и од резултатите во наставно-образовната и научноистражувачка дејност на кандидатите д-р Ана Радеска, д-р Јулија Заркова и д-р Катерина Златановска, како и од личното познавање на кандидатите, Комисијата заклучи дека **д-р Ана Радеска, д-р Јулија Заркова** и **д-р Катерина Златановска** ги исполнуваат сите законски и други услови за избор на помлад асистент на Факултетот за медицински науки во научното поле *стоматологијата* при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Според Правилникот за единствени критериуми за избор наставни, наставно-научни, наставно - стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, според чл. 16 од Правилникот, став 2, кандидатите **д-р Татијана Танева, д-р Сања Нашкова, д-р Благој Лазов, д-р Михајло Петровски, д-р Бранко Атанасов, д-р Емилија Иванова, д-р Сања Нашкова, д-р Катерина Смилевска, д-р Ѓорѓи Ников** и **д-р Горан Зафиров** не ги исполнуваат критериумите за избор во соработничко звање помлад асистент од научно поле *стоматологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Земајќи ги предвид сите овие факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, кандидатите:

1. **д-р Ана Радеска да ја избере во соработничко звање помлад асистент од научно поле стоматологија** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип;
2. **д-р Јулија Заркова да ја избере во соработничко звање помлад асистент од научно поле стоматологија** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип;
3. **д-р Катерина Златановска да ја избере во соработничко звање помлад асистент од научно поле стоматологија** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Цена Димова, с.р.**
**Доц. д-р Стипица Поповски, с.р.**
**Проф. д-р Никола Камчев, с.р.**